# ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ - МЕЃАШИ
# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ул. "Коста Новаковиќ" бр. 22 а, Скопје
Тел: (02) 2465-316; Тел/Факс: (02) 2463-900
info@childrensembassy.org.mk;
www.childrensembassy.org.mk



***Информатор бр. 24***
*Јануари - Март 2006*


**Во овој број:**


1. **ОПРЕМУВАЊЕ СТАН ЗА ДЕЦАТА БЕЗ РОДИТЕЛИ**
2. **ПРЕС КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА СОС ТЕЛЕФОНОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ 0800 1 2222**
3. **СОС ТЕЛЕФОНОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ КАКО ЧЛЕН НА CHILD HELPLINE INTERNATIONAL (CHI)**
4. **"НЕ МОЖЕ ДА МИ БИДЕ ДОБРО, АКО НА МОЈОТ СОСЕД МУ Е ЛОШО" ПРОМОЦИЈА НА ЗБИРКА ИНТЕРВЈУА**
5. **ПОДАРИ ОД СРЦЕ ДОНИРАЈ СО СРЦЕ**
6. **НОВ ЧЛЕН ВО НАШИОТ ДИПЛОМАТСКИ КОР**
7. **WEB СТРАНА НА ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК**
8. **СЛУЧАИ НА КРШЕЊА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА**
9. **СОЦИЈАЛНА СЛУЖБА**
10. **ПРИФАТИЛИШТЕ ЗА ДЕЦА ВО КРИЗНА СОСТОЈБА**
11. **ДОНАЦИИ**


## *ОПРЕМУВАЊЕ НА СТАН ЗА ДЕЦАТА БЕЗ РОДИТЕЛИ*



Првата детска амбасада во светот - Меѓаши е во тек на реализација на проектот Психо - социјална и едукациска поддршка на децата без родители по напуштањето на домот "11 Октомври" чија цел е придонес во социјализацијата и осамостојување на младинците во услови кога го напуштаат домот. Проектот опфаќа активности како на пример: обука за

компјутери, за странски јазици, кулинарски вештини, оснажнување и охрабрување за самостоен живот, лобирање и застапување, директни психо - социјални советувања. . .

Во рамки на проектот, комплетно опремивме еден стан со мебел и друга покуќнина, што е живеалиште на четирите младинки Фатима Ајдар, Александра Спасовска, Сања Спасовска и Надира Бајрамовска до нивната 26-та година. Станот го додели Министерството за труд и социјална политика, а неговото опремување го реализира Детската амбасада - Меѓаши. Финансиската поддршка за опремата која чинеше 381.000,00 денари ја додели Проектот за развој на општините (ПРО) Министерство за финансии - Светска Банка. Младинките официјално се вселија во станот на 15.02.2006 година.

На примопредавањето на станот беа повикани медиумите и сите поддржувачи кои придонесоа истото да се реализира. Присуствуваа Министерот за труд и социјална политика Стефчо Јакимовски, Претседателката на КИП Лилјана Поповска, Извршниот Директор за ПРО Билјана Лазаревска, Директорот на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Драгче Радичевски, Претставничка на кабинетот на Градоначалникот на Град Скопје и Извршниот директор и со-основач на Прва детска амбасада во светот - Меѓаши М-р Драги Змијанац.

Координаторка на проектот е **Александра Ѓорѓиоска**.

## ***ПРЕС КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА СОС ТЕЛЕФОНОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ 0800 1 2222***

Бесплатниот СОС телефон за деца и млади 0800 1 2222 веќе тринаесет години континуирано функционира во рамки на Првата детска амбасада во светот - Меѓаши. До сега околку 15.000 деца и млади луѓе се имаат јавено и имаат побарано помош во врска со различни видови проблеми: насилство (физичко, психичко, сексуално), љубовни проблеми, проблеми на училиште, проблеми помеѓу другарчиња и други.




Новава година СОС телефонот ја започна со прес конференција, одржана на 06.02.2006, по повод објавување на годишниот извештај за 2005 година. На прес конференцијата беше доставен извештај за случаи на кршења на правата на детето, писмени претставки што ги имаме пратено до Народниот правобранител во 2005, како и случаи на сексуална злоупотреба на деца во периодот од 1999 до 2005 година. Ја информиравме јавноста за проблеми со кои се среќаваат децата и

младите, половата застапеност на јавувачите, проблеми поврзани со насилството, соработка со други СОС линии во други земји и друго.

На пресот зедоа учество: М-р Драги Змијанац - извршен директор на Првата детска амбасада во светот - Меѓаши, Маја Корубин - психолог и координаторка на СОС телефонот за деца и млади, М-р Славе Младеновски - сениор менаџер за надворешна комуникација во Македонски телекомуникации, М-р Илија Псалтиров - директор за продажба во Стопанска банка и Кристина Дикенсон - активистка за човекови права.

Од 7 до 12 февруари 2006 година наши претставници учествуваа на вториот европски состанок на CHI (Child Helpline International), меѓународна мрежа на СОС телефони за деца и млади, одржан во




Будимпешта. На состанокот беше разговарано за актуелни теми од областа на работата на СОС телефоните и беа донесени идните чекори кои се планира да се спроведат во наредните шест месеци.

Во изминативе два месеца учествувавме на неколку телевизиски и радио емисии на: А1 телевизија, Сител и Македонско радио.

Во моментов финансиери на СОС телефонот за деца и млади се Стопанска банка и Македонски телекомуникации.

Координаторка на телефонот е **Маја Корубин**.

## *СОС ТЕЛЕФОНОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ КАКО ЧЛЕН НА CHILD HELPLINE INTERNATIONAL (CHI)*

Од 2003 година СОС телефонот за деца и млади е членка на меѓународната мрежа на СОС телефони, Child Helpline International (CHI). Мисијата на оваа организација е да одговори на децата кои имаат потреба од грижа и заштита и да ги огласи тие потреби до оние кои ги донесуваат одлуките и законите. Исто така цел на оваа организација е да формира светска мрежа на детски СОС линии и да обезбеди поддршка на индивидуални СОС линии за деца и млади насекаде во светот.

Во моментов светската мрежа на СОС телефони за деца и млади ја сочинуваат 64 СОС телефони, кои во просек годишно регистрираат по 11.3 милиони повици од 54 земји од целиот свет. Нашиот СОС телефон за деца и млади само во изминатава 2005 година регистрира 912 повика, од кои најголем процент (19.3%) беа повици во врска со злоупотреба на деца и насилство (физичко, психичко и/или сексуално).

За време на нашето тригодишно членство во оваа мрежа на СОС линии учествувавме на неколку средби на СОС телефони организирани од CHI:

- Регионалниот состанок во Загреб
- Интернационалната конференција во Амстердам
- Европскиот состанок на СОС линии во Будимпешта

Во октомври 2006 година наши претставници ќе земат учество и на Втората интернационална конференција која ќе се одржи во Шведска.

Доколку сакате да се информирате подетално за Child Helpline Internaitonal (CHI) можете да ја посетите нивната страница www.childhelplineinternational.org.

***"НЕ МОЖЕ ДА МИ БИДЕ ДОБРО, АКО НА МОЈОТ СОСЕД МУ Е ЛОШО" ПРОМОЦИЈА НА ЗБИРКА ИНТЕРВЈУА***

Првата детска амбасада во светот - Меѓаши во соработка со Центрите за ненасилна акција од Белград и Сараево на 31.01.2006 год. ја промовираше книгата ***"Не може да ми биде добро, ако на мојот сосед му е лошо"***.

Промотор беше проф. д-р Ферид Мухиќ. Во збирката се содржани интервјуа на граѓани од поранешна Југославија, односно од кризните региони каде се водеше војна или имаше вооружен конфликт, со граѓани од различни профили: професии, години, пол, етнички припадности... Тоа што е заедничко за сите е што се подготвени да зборуваат за минатото, да ја согледаат сегашноста и имаат надежи, ставови и желби за убава и сигурна иднина.

Тоа се изјави на луѓе кои ретко имаме можност да ги слушнеме во медиумите, а говорат за војната во одредени делови на поранешна Југославија.

На промоцијата присуствуваа многу медиуми кои известуваа за настанов, како и претставник од издавачите, Ивана Франовиќ од Центарот за ненасилна акција Белград со кој имаме долгогодишна соработка.

Подари од срце,
донирај со срце
МЕЃАШИ

За потпомагање на работата на активностите на Амбасадата - Меѓаши организираме активности за собирање на финансиски средства. За таа цел од *11-14 февруари 2006 година* по повод *Празникот на вљубените и празникот на виното* беше организирана акција за собирање средства.




За симболична цена од 15,00 денари, волонтерите на Амбасадата го завиткуваа секој купен подарок кој посетителите го купиле во

трговскиот центар Рамстор изминатите денови, а со секое завиткување следуваше и мал подарок - украсна Оригами картичка изработена на работилницата по Оригами, како една од повеќето детски работилници при Амбасадата Меѓаши.

За овие четири дена - колку што траеше самата акција - се собраа вкупно 5.600,00 денари, а симболична сума од 1.000,00 ден. донираме на Здружението на родители на деца заболени од рак и леукемија "Пеперутка".

Ваква слична акција, на иста локација и со иста намена, организиравме и од *04-08 март 2006 година* по повод *Празникот на жената*. Во оваа акција се собраа 7.230,00 денари.

Средствата од овие акции ги искористивме за купување на материјали потребни за функционирање на детските работилници.

Координаторка за промоција и обезбедување на финансиски средства е **Невенка Стефановска**. И посакуваме добредојде во нашата амбасада.

### *НОВ ЧЛЕН ВО НАШИОТ ДИПЛОМАТСКИ КОР*

Во согласност со правилникот за користење на дипломатски пасош на Првата детска амбасада во светот - Меѓаши, Извршниот колегиум донесе одлука за номинирање на г-динот В.Е. Георге Бацали, Вице Конзул во Романија на Првата детска амбасада во светот - Меѓаши, Република Македонија со бр. на пасош 250 (со важност до 25.02.2010 год). Воедно г-динот Бацали е сопственик и претседател на фудбалскиот клув Стеауа од Букурешт - Романија.

За овој настан информираа и печатените и електронските медиуми во Романија.

Членството се зголемува, што ни покажува дека нашите идеи, визија и мисија се шират низ целиот свет.

Види:
http://www.childrensembassy.org.mk/macedonian/Diplomatija/Diplomatija.htm

### *WEB СТРАНА НА ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК*

Сајт за Првата детска амбасада во светот - Меѓаши на италијански јазик изработен од тимот на нашиот Амбасадор за Италија и Швајцарија г-динот В.Е. Д-р Антонио Дилетто

Види:
http://www.primaambasciatadeibambininelmondo.it

## *СЛУЧАИ НА КРШЕЊА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА*

❖ За случај на физичко насилство врз детето А.Т. од О.У. "Толи Зурдумис", Куманово од страна на неговиот наставник по фискултура К.С., бевме писмено известени од новинарот З.Б. од Куманово. За случајов го известивме Народниот правобранител.

Во претставката од Народниот правобранител се вели дека се упатени препораки до директорот на училиштето и до Министерството за образование и наука - Државен просветен испекторат и побарано е за најкраток можен рок да се преземат соодветни мерки за одговорноста на наставникот и за заштита на другите деца, односно покренување на постапка против наставникот и изрекување на соодветна мерка. На 02.03.2006 год, повторно добивме одговор од Народниот правобранител за случајов во кој се вели дека по упатена препорака, директорот на основното училиште, на наставникот К.С. му е изречена Казнена мерка со која се казнува со 10% од месечната плата за период од 6 месеци. Во образложението на изречената мерка се наведува дека наставникот е казнет поради тоа што "пристапил поостро со повисок тон, реагирајќи непедагошки, враќајќи го назад ученикот во стројот, укажувајќи како треба да се однесува на часот со пречекорување на овластувањата и педагошки мерки, што влијаело заплашувачки на останатите ученици".

Првата детска амбасада во светот - Меѓаши до Народниот правобранител прати реакција дека добиената казна за наставникот К.С. е несоодветна за стореното дело од негова страна. Имено имаме сознанија дека не се работи како што во образложението на изречената мерка е наведено дека наставникот се казнува поради тоа што "пристапил поостро со повисок тон, реагирајќи непедагошки, враќајки го назад ученикот во стројот, укажувајќи како треба да се однесува на часот со пречекорување на овластувањето и педагошките мерки, што влијаело заплашувачки на останатите учиници" туку се работи како што и претходно наведовме во претставката за физичко насилство што претставува малтретирање во вршење на службата.

Затоа го замоливме Народниот правобранител доколку е можно повторно да се упати препорака до Државниот просветен инспекторат - Куманово, при Министерството за образование и наука за повторно испитување на случајот, како и детаљно да бидеме известени за понатомошните мерки што ќе бидат преземени во конкретниот случај.

❖ Во минатиот број Ве информиравме, за случај на сексуално малтретирање на Б.Б. (26) од страна на 77 годишен пензионер Н.Т. во неговата куќа во с. Гари. За овој случај бевме информирани од С.П. - старател на Б.Б. Таа е девојка со посебни потреби и живее со нејзините родители кои се исто така со пречки во развојот и со нејзините старатели. Според нејзиниот старател, во октомври 2005 година Б.Б на брутален начин

била сексуално малтретирана од страна на 77 годишен пензионер Н.Т. во неговата куќа во с. Гари. Случајот е веднаш пријавен во МВР Дебар, но тие не поднеле пријава до судот во Дебар под изговор дека поминале 15 дена од пријавување на случајот со што истиот е застарен. Амбасадата Меѓаши го извести Народниот правобранител.

Во одговорот кој го добивме од Народниот правобранител на 17.01.2006 год. се вели дека тој се обратил до МВР Дебар и побарал од денот на добивање на барањето, да биде известен за преземените мерки по пријавување на случајот и најитно да се постапи по укажувањата на старателот на лицето, и проверување на неговите наводи и доколку се потврдат да се преземат сите можни мерки, заради заштита на наведеното лице и казнување на сторителот.

Постапувајќи по барањето Министерството за внатрешни работи, Одделение Дебар го известил Народниот правобранител дека се проверени наводите и дека е поднесена кривична пријава против наведеното лице за кривично дело Обљуба врз немоќно лице.

Имајќи го предвид изнесеното, Народниот правобранител оцени дека е постапено од страна на Министерството за внатрешни работи, поради што во моментот нема основ за преземање други мерки по претставката и постапката по претставката се запира.

- За случајот на физичко и сексуално малтретирање на две малолетни деца, Б.Х. (10) и К.Х. (7), од страна на нивната мајка, Ве информиравме во минатиот број на информаторот.

Испративме барање до Центарот за социјални работи во Битола за да не информираат за текот на случајот, а известен е и Народниот правобранител. Во одговорот од Народниот правобранител се вели дека истиот од Центарот за социјална работа од Битола побарал да се постапи по укажувањата на таткото, да се проверат неговите наводи и ако иститe се потврдат да се преземат сите можни мерки предвидени со Законот за семејство, водејќи притоа сметка пред се за најдобриот интерес на децата и за нивната заштита од какви било трауми и други проблеми што штетно би влијаеле на нивниот натамошен психофизички развој.

Стручниот тим при Јавната установа Центар за социјална работа Битола, од 2001 година работи околу средувањето на пореметените семејни односи, мислење за доделување на малолетните деца и родителските контакти со таткото К.Х. Во писмениот одговор од нив се вели дека стручниот тим ги известува родителите на малолетните деца Б.Х. (10) и К.Х. (8) таткото К.Х. и мајката Г.Х. да се придржуваат кон решението од 22.02.2002 год. бидејќи врз основа на наведените членови од Законот за социјална заштита родителите се должни да се придржуваат кон решението со напомена <u>да не ВЛИЈААТ НЕГАТИВНО во воспитувањето на децат</u>а и контактите да се користат исклучиво за зближување со родителите а не во насочување на децата во негативен однос спрема другиот родител.

Доколку контактите не се извршуват во определен рок спротивната незадоволна страна може да се поднесе пријава до надлежните органи.

- Како што претходно Ве информиравме, во ноември 2005 на нашиот СОС телефон за деца и млади, од страна на наставничката беше пријавен случај дека малолетничката А.П. (14 години) живее во вонбрачна заедница со 38 годишен човек, дојден од Австрија, кој според јавувачот има криминално досие. Психологот од ова училиште за овој случај извршил разговор со родителите на девојчето. По извршениот разговор со нив, психологот дознал дека за родителите "ваквата ситуација е нормална", затоа што и мајката на ученичката се омажила на рани години а и нејзината друга ќерка се омажила кога имала само 15 години. Амбасадата Меѓаши го извести Центарот за Социјална работа од Прилеп и Народниот правобранител. Во писмениот одговорот од Народниот правобранител кој го добивме на 09.03.2006 год. се вели дека истиот покренал постапка, при што во неколку наврати се обратил до директорот и педагогот на училиштето, од кои не е успеано да се престанат личните податоци на девојчето. Имајќи ги предвид одредбите од Конвенцијата за правата на детето и Законот за семејство кои го истакнуваат примарното значење на интересот на детето, Народниот правобранител се обратил до Меѓуопштинскиот ценатар за социјални работи - Прилеп и до Министерството за внатрешни работи, Секретаријат за внатрешни работи со барање во рамките на нивните законски надлежности да го преиспитаат конкретниот случај и да се преземат соодветни мерки за заштита на личноста, правата и интересите на детето, нагласувајќи дека се работи за случај на вонбрачен живот со малолетно лице, што согласно Кривичниот законик се третира како кривично дело. За натамошното постапување и преземените мерки од Народниот правобранител ќе бидеме дополнително известени.

- Во февруари 2006 на нашиот СОС телефон 0800 1222 се јави Т.И. мајка на две малолетни деца од вонбрачна заедница (8 години и 2 години). Биолошкиот татко кој нема старателство над децата се заканувал на Т.И. дека ќе ги киднапира децата и ќе бидат однесени на друго место, односно ќе бидат земени засекогаш. Воедно заканите важеле и за постарата ќерка на Т.И. (16 години) која е од друг татко. Т.И. исконтактирала со МВР - Скопје, од каде е препратена во Центар за социјална работа од каде го чека одговорот. Детската амбасада за случајов го извести Народниот правобранител.

Во одговорот од Народниот правобранител се вели дека тој се обратил до Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на град Скопје со барање да биде известен за евентуално преземените мерки во врска со пријавените закани за подведување и киднапирање на децата, дали е донесено соодветно решение за видување на родителот со двете малолетни деца, дали се остваруваат видувањата и како е односот на таткото со децата.

Воедно, за натамошно постапување и констатираната состојба во постапката дополнително ќе бидеме известени.

❖ Во месец февруари на СОС телефонот 0800 1 2222 беше пријавен случај на физичко и психичко малтретирање на дете (10 годишна возраст) од страна на неговата наставничка Ж.Ц. од ОУ "Песталоци", Скопје. Случајов беше пријавен од мајката М.А. Според изјавата на мајката нејзиното дете од страна на наставничката е критикувано и омаловажувано пред другите деца и наставници, цитат: "невоспитан, идиот, лечи се, самоубиј се.... ". Исто така детето било физички нападнато односно наставничката го удирала со клоца и му ја удирала главата во ѕид. М.А. за случајов ги известила директорката, психологот и педагогот на ова училиште.

Амбасадата Меѓаши, за случајов го извести Народниот правобранител, од каде го чекаме одговорот, со цел да се преземат сите соодветни мерки за да може да се спроведе дисциплина во школите на начин кој е во согласност со човековото достоинство на детето.

❖ Во месец февруари во канцелариите на нашата Амбасада дојде Д.Д., со барање за преземање активности за заштита на нејзиниот син С.Д. (8 год). Тој бил физички нападнат од 49-годишниот М.А. (сосед). С.Д. додека си играл во паркот пред својот дом, на сугестија од повозрасни деца од него, почнал да вика "орле", без да знае дека М.А. по надимак го викале "Орле", и како резултат на тоа бил физички нападнат.

Случајот бил пријавен во полиција истата вечер, по што е направен лекарски преглед и се сликани неговите повреди.

Наредниот ден врз детето е извршен преглед од страна на хирург во Градска болница и е однесено на преглед во Заводот за ментално здравје на деца и младинци. Сите потврди биле доставени до полиција. Од полицијата била покрената судска постапка. Два пати С.Д. бил повикан како сведок на суд, првиот пат кај истражен судија, а вториот пат кај судија за прекршоци.

На ден 20.02.2006 година, семејството Д. добило известување од Јавниот Обвинител дека се прекинува постапката против М.А. поради немање доволно докази.

Семејството Д. имаат покренато приватна тужба преку приватен адвокат, кој ги известил дека недостасуваат докази во предметот.

За случајов Амбасада Меѓаши го извести Народниот правобранител, при што го чекаме одговорот од истиот.

❖ На нашиот СОС телефонот за деца и млади 0800 1 2222 беше пријавен случај на физичко малтретирање на две малолетни деца (три и шест години) од страна на нивниот татко. За случајов бевме информирани од мајката Б.Ј.. Таа е моментно разделена од нејзиниот сопруг, но не и судски разведена, а децата по разделбата се кај неа. Од страна на Центарот за социјална работа при Свети Николе на таткото му се овозможени средби со децата. Според Б.Ј. децата не сакаат да одат кај таткото и при секоја средба со него дома плачеле и ја молеле да не ги носи кај него. Б.Ј. се чуствува

немоќна да си ги заштити децата од понатамошното физичко малтретирање од страна на таткото.

За случајов го известивме Народниот правобранител, при што го чекаме одговорот од истиот.

❖ Во Детската амбасада Меѓаши (на 30 ноември 2005 година), М.Ш. од Велес поднесе барање во кое се наведува дека пред 5 год. веднаш по породувањето детето и е одземено против нејзина волја под притисок, од страна на социјалниот работник во Меѓуопштинскиот центар за социјални работи О.А. и родителите на тужителката. Во меѓувреме детето е дадено на посвојување (на три месеци). Понатаму наведува дека таа и нејзиниот сопруг имаат поднесено тужба до Основен суд Скопје 1 Скопје по основ: Утврдување на ништовност на Изјава, бидејќи е дадена од лице кое е целосно деловно неспособно во моментот на потпишувањето на изјавата. Судскиот процес е во тек, а следното рочиште е закажано за 17 март.

Амбасадата го извести Хелсиншкиот комитет со цел случајов да биде разрешен во најдобар интерес на детето. Во консултации со Хелсиншкиот комитет обезбедивме мониторинг на рочиштето на 17.03.2006 год. Нивниот извештај за извршениот мониторинг го очекуваме во текот на оваа недела.

❖ За случајот на физичко малтретирање на Ф.Ц. (11 год) ученик во училштето ОУ Петар Поп-Арсов, Скопје, од страна на М.А. (11 год) од истото одделение бевме информирани на нашиот СОС телефон од страна на С.Ц. - татко на Ф.Ц., со образложение дека ова малтретирање трае веќе подолго време, а интензивирало во последнава година. Таткото за случајов пријавил кај класниот раководител, психологот и директорот на училиштето, но од нивна страна не било преземено ништо. Според изјави на таткото, детето Ф.Ц. изгубило интерес за на училиште и за учење, а е одличен ученик со многубројни награди од натпревари, пред се од математика, а по природа е мирен и повлечен. Ние случајов го пријавивме кај Народниот правобранител, од каде го чекаме одговорот.

**Забелешка**: За понатамошниот тек на решавање на овие случаи ќе Ве информираме во следниот број на информатор.

Од јануари 2006 год. координаторка на правната служба е **Бисера Лазарова**. И посакуваме добредојде.

***СОЦИЈАЛНА СЛУЖБА***

Во февруари 2006 год. во Детската амбасада Меѓаши беше пријавен случај од страна на Славчо од Штип, близок роднина на семејството Стевановиќ од Скопје. Тој не извести дека веќе подолг период истото живее во напуштен магацин. Волонтерите Ана Попоска, Слободан Тасевски, Бисера

Лазарова и Ана Петрушева го посетија семејството и се запознаени со лошите условите во кои живее семејството и како се дојдени до моментната ситуација. Семејството се состои од 9 члена од кои 6 деца, мајка, татко и баба која е инвалид. Тие живеат во катастрофално лоши услови бидејќи немаат ниту вода, струја, тоалет и се оставени на маргините на преживување.

Имено на семејството пред 7 год. им е одземен станот кој што се наоѓа на ул. Иво Лола Рибар бр. 67/1-1 Скопје. Станот им е купен во 1985 год. и за него поседуваат соодветна документација. Во 1997 год. тие се насилно избркани од станот при што покренуваат судски спор. По напуштањето на станот, 2 год. живеат во шатор, потоа 2 год. во дел од двор доделено од страна на сопственик кој сакал да им помогне. Меѓутоа откако тој во меѓувреме ја изгубил сопственоста на имотот тие се принудене поради немање други можности да живеат во магацин сопственост на Технометал каде што престојуваат последниве три години.

Семејството Стевановиќ имаат поднесено тужба до Основен суд 1 за прогласување ништовност на договорот со кој таткото на Ј.С. во 1997 година го продал станот. Во купопродажниот договор таткото на Ј.С. го продал станот за соодветна сума на пари која и до ден денеска не им е исплатена иако од 1997 година тие им го предале станот на новите купувачи.

Заради подобрување на сегашната состојба на семејството, ние испративме барања за помош во храна, за обезбедување привремено живеалиште до Меѓуопштинскиот центар за социјални работи како и за обезбедување на инвалидска количка.

Во одговорот од Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на град Скопје се вели дека проблемот е евидентиран и со цел разрешување на проблемите се преземени соодветни облици на социјална заштита. Не известија дека семејството е корисник на социјална парична помош и понудено е можност за сместување согласно нивните ингеренции. Семејството не прифатило сместување во Истражувачка станица за бездомни лица - Катланово, а други можности согласно законските одредби и ингеренции, Центарот не е во можност да понуди. Воедно Центарот ќе продолжи континуирано да го следи семејството и зависно од потребите и можностите ќе интервенира во изнаоѓање на соодветни облици на заштита.

Првата детска амбасада - Меѓаши се обрати до Хелсиншки комитет на човекови права со барање да обезбедат мониторинг на некое од следните рочишта. Го очекуваме исходот за извршениот мониторинг.

Координатор на социјалната служба е Слободан Тасевски. Му посакуваме добредојде во нашата Амбасада.

### ***ПРИФАТИЛИШТЕ ЗА ДЕЦА ВО КРИЗНА СОСТОЈБА***

Во нашето прифатилиште сеуште се сместени 16-те внатрешно раселени лица, од кои 8 се деца, од с. Арачиново и покрај одлуката на

Владата за иселување, "на оние на кои им се остварени условите за нивно враќање во своите домови" . Поради фактот дека нивните нови живеалишта им се во изградба тие сеуште ќе останат во нашето прифатилиште.

Од 15.12.2005 год. до 10.06.2006 год. за 4 деца кои одат во училиште, од Министерството за труд и социјална политика добиваме финансиска поддршка во висина од 5.000 ден / месечно. За останатите лица сместени во нашето прифатилиште комплетно материјална и финанансиска поддршка е од страна на Првата детска амбасада во светот - Меѓаши и многубројните донатори.

***БЛАГОДАРНОСТ ДО ДОНАТОРИТЕ:***

Диадора - Куманово, Малиот принц - Скопје, Про Графика - Скопје, Рамстор - Скопје.

Сите кои сакате да донирате и да ја поддржите работата и активностите на Првата детска амбасада во светот - Меѓаши, може да го сторите тоа со доброволен прилог.

Уплатата може да се изврши на следнава денарска сметка:
жиро сметка: 200000010722372
Даночен број: 4030995179890
Депонент: Стопанска Банка

Или на девизната сметка:
SWIFT STOB MK 2X
ID 1066179
0006233480 Euro
0007535360 USD

До следниот број
Срдечен поздрав,

од тимот на
Првата Детска Амбасада во Светот - Меѓаши
Република Македонија

***Информаторов се праќа двојазично (македонски и англиски).***

***Доколку не сакате да го добивате истиот, вратете ни повратен маил со Subject: Remove***